**20242484370**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐☐

☐Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9, а во врска со член 171 став (4) од Законот за финансиски инструменти (Службен весник на Република Северна Македонија бр.66/2024) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29.11.2024 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА РАБОТА НА ПАЗАРЕН ОПЕРАТОР

### Предмет на уредување

Член 1

Со Правилникот за добивање одобрение за работа на пазарен оператор (во понатамошниот текст: Правилник) поблиску се пропишува:

- формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор, односно проширување на одобрението за работа на пазарен оператор и
- потребната документација која се доставува во прилог на барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор, односно барањето за проширување на одобрението за работа на пазарен оператор.

### Начин на доставување на барање за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор

Член 2

(1) Барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор се поднесува до Комисијата за надзор на пазарот на капитал (во понатамошниот текст: Комисијата) на пропишан образец, кој е пополнет електронски, уредно, читливо и без корекции, заедно со целокупната документација и докази пропишани со Законот за финансиски инструменти (во понатамошниот текст: Законот) и со овој Правилник и тоа во писмена форма непосредно во архивата на Комисијата или по пошта и во електронска форма скенирана и снимена на преносен медиум (USB) во PDF формат.

(2) Секое барање може да се достави до Комисијата во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, освен изјавите за кои е потребна нотарска заверка и потврдите кои не се обезбедени од соодветните органи по електронски пат.

(3) Освен документацијата од став (1) на овој член, Комисијата може од подносителот на барањето да побара прецизирање на веќе доставената документација, а може да побара и други податоци и документи со кои се докажува исполнување на условите пропишани со Законот и со овој Правилник.

(4) Документацијата која се поднесува кон барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор мора да е во оригинал или нотарски заверена копија.

(5) Документацијата во оригинал, како и нотарската заверка не смее да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето до Комисијата.

**Документацијата издадена од странска држава кон барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор**

Член 3

(1) Документацијата која е издадена од странска држава на странски јазик, задолжително се доставува со апостил, кога е издадена од страна на странска држава која ја има ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи.

(2) По исклучок од став (1) документацијата нема потреба да се достави со апостил, доколку Репубика Северна Македонија и странската држава имаат склучено договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи.

(3) Во случај кога конкретната странска држава не ја има ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи или нема билатерален договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи, јавната исправа се легализира во согласност со законот кој ја уредува легализацијата на исправите во меѓународен промет.

(4) Документацијата издадена од странска држава задолжително се преведува од овластен судски преведувач, а преводот задолжително нотарски се заверува.

(5) Доколку законодавството на странска држава поинаку регулира одредена материја, подносителот на барањето е должен да се повика на правно мислење од адвокат, со цел да се потврди разликата во регулативата. Во овој случај, адвокатот задолжително дава изјава дека е овластен согласно законодавството на странската држава за потврдување на тие факти и дека истиот е одговорен за вистинитоста на дадените податоци.

**Постапување по барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор**

Член 4

(1) По разгледување на барањето доколку Комисијата утврди дека истото е непотполно, неуредно или има формално правни недостатоци, ќе му одреди разумен рок на подносителот во кој тој ќе треба да ја дополни документацијата или соодветно да го уреди барањето.

(2) Доколку подносителот не ја дополни документацијата и не ги отстрани недостатоците во зададениот рок ќе се смета дека подносителот се откажал од барањето, а Комисијата ќе донесе решение за запирање на постапката.

**Спојување на постапките во рамки на барање за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор**

Член 5

(1) Кон барањето за добивање одобрение за работа на пазарен оператор, до Комисијата истовремено се доставува и:

1) Барање за стекнување квалификувано учество во пазарен оператор согласно член 18, а во врска со член 171 став (2) точка 2) и член 182 од Законот (доколку некое лице се стекнува со квалификувано учество во пазарниот оператор) со целокупната документација пропишана со Правилникот донесен врз основа на член 18 став (4) од Законот и

2) Барање за добивање одобрение за именување на членови на управен одбор и надзорен одбор на пазарен оператор согласно член 180 од Законот, со целокупната

документација пропишана со Правилникот донесен врз основа на член 176 став (13) од Законот.

(2) Поднесените барања наведени во став (1) на овој член се меѓусебно поврзани и условени при што Комисијата ќе пристапи кон одлучување кон истите, само кога позитивно ќе биде одлучено по барањето за добивање на одобрение за работа на пазарниот оператор.

(3) Комисијата одлучува по барањето за давање на одобрение за работење на пазарен оператор, заедно со барањата од став (1) на овој член, во рок од шест месеци од денот на доставување на комплетното барање.

(4) Доколку кон некое од барањата од став (1) на овој член се поднесува документација која е релевантна и за другите барања, истата ќе се смета за доставена во однос на сите поднесени барања.

(5) За секое од поднесените барања се доставува доказ за уплатен надоместок за разгледување од страна на Комисијата согласно Тарифникот од член 416 од Законот.

**Барањето за добивање на одобрение за работа на пазарниот оператор**

Член 6

(1) Барање за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор поднесуваат основачите односно органот на управување на веќе основано друштво за кое се бара одобрение за работа како пазарен оператор.

(2) Барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор се поднесува до Комисијата на пропишан образец Барање (Прилог 1 на овој Правилник).

(3) Барањето за проширување на одобрение за работа на пазарен оператор се поднесува до Комисијата од страна на органот на управување на пазарниот оператор, на пропишан образец Барање (Прилог 2 на овој Правилник).

**Документација кон барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор**

Член 7

Кон барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор се поднесува документација со која се докажува исполнување на условите на работење на пазарниот оператор која се однесува на :

1. Основачите на пазарниот оператор;
2. Финансиската состојба на основачите во однос на обезбедување на почетниот капитал на пазарниот оператор;
3. Документација за исполнување на услови за работење на пазарен оператор.

**Документација која се однесува на основачите**

Член 8

(1) Кога како основач на пазарен оператор се јавува физичко лице кон барањето за добивање на одобрение за работа на пазарниот оператор, за секој од основачите се поднесува следната документација во која се содржани информации за физичкото лице-основач на пазарниот оператор:

1) Биографија на основачот во која се вклучени личните податоци на основачот, вклучувајќи име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеење, стекнато образование, претходно и сегашно работно искуство, како и сите професионални

активности или други релевантни функции кои ги извршува или ги извршувал како и попис на правните лица во кои бил или сеуште е вработено лице.

2) Доказ од надлежен орган дека против основачот не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) Доказ од надлежен орган за неосудуваност на основачот, за сторени кривични дела додека траат правните последици од осудата;

(2 Кога како основач на пазарен оператор се јавува правно лице, кон барањето за издавање на дозвола за работење, за секој од основачите, се поднесува следната документација во која се содржани информации за правното лице - основач на пазарниот операторот:

1) Одлука на надлежниот орган на основачот за учество во основањето на пазарен оператор;

2) Извод од регистрацијата на основачот од регистарот кој ја одразува последната фактичка состојба на основачот (потврда за правното лице - тековна состојба);

3) Информација за сите лица кои би можеле да се сметаат за вистински сопственици на правното лице вклучувајќи ги нивните имиња, датум и место на раѓање, адреса, контакт податоци. Доколку станува збор за сложена организациска структура, се приложува органограм на правното лице;

4) Доказ за добиена претходна согласност односно мислење за основање на пазарен оператор во случај кога со закон е утврдена обврска за добивање претходна согласност односно мислење од друг орган;

5) Потврда од надлежни институции дека против основачот не е поведена стечајна или ликвидациона постапка;

6) Потврда (уверение) од надлежен орган дека против основачот не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност;

7) Статут или друг акт за основање на основачот;

8) Список на лица (име и презиме, број на пасош за странски лица, адреса на живеење односно фирма, седиште и претежна дејност за која е регистрирано правното лице) кои во основачот поседуваат повеќе од 10% од акциите односно уделите, вклучувајќи податоци за бројот на акции или удели кои ги поседуваат и процентот кој го претставуваат во вкупниот број на акции/удели на основачот, како и процентот кој го претставуваат во гласачката структура на основачот.

**Документација која се однесува на финансиската состојба на основачите**

Член 9

(1) Кога основачи на пазарен оператор се физички лица кон барањето за добивање на одобрение за работа на пазарниот оператор, за секој од основачите се поднесува следната документација во која се содржани информации за физичкото лице-основач на пазарниот операторот:

1) Доказ за финансиската состојба на физичкото лице;

2) Доказ за потеклото на средствата од кои физичкото лице би ја извршило уплатата на акциите во пазарниот оператор (податок за висината на платата и приходите остварени по други основи, купродажба, кредит, заем, депозит во банка, наследство или др соодветен доказ за потеклото на средствата);

3) Доказ од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки (даноци и други придонеси за кои со закон е утврдена обврска за плаќање);

4) Список на правни лица во кои физичкото лице поседува, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите;

5) Доказ од надлежна институција, со кој се докажува сопственоста на физичкото лице, директно или индиректно, на повеќе од 10% од акциите, односно уделите во други правни

лица (извод од состојбата на сметката на имателот на сметка, извод од регистрацијата на правното лице од регистарот и сл.);

6) Список на лица со кои физичкото лице има воспоставено и одржува значајни деловни врски со опис на природата на тие деловни врски;

7) Изјава на физичкото лице дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност и заверена кај нотар, за потеклото на средствата што се вложува.

(2) Кога основач на пазарен оператор е правно лице кон барањето за добивање на одобрение за работа на пазарниот оператор, за секој од основачите се поднесува следната документација во која се содржани информации за правното лице-основач на пазарниот оператор:

1) Доказ за потеклото на средствата од кои правното лице би ја извршило уплатата на акциите во пазарниот оператор (ревизорски извештај, завршна сметка, друг доказ во пропишана законска форма за кредит, заем или друг соодветен доказ);

2) Доказ за финансиската состојба на правното лице (целосните ревидирани финансиски извештаи за последните три години заедно со мислењето од овластениот ревизор и белешките кон финансиските извештаи, доколку е применливо и извод од состојбата на сметките на лицето кај носителот на платниот промет или друг соодветен доказ);

3) Доказ од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки (даноци и други придонеси за кои со закон е утврдена обврска за плаќање);

4) Список на лица кои во правното лице поседуваат, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите, вклучувајќи податоци за бројот на акции или удели кои ги поседуваат и процентот кој го претставуваат во вкупниот број на акции односно удели на правното лице, како и процентот кој го претставуваат во гласачката структура. Како доказ е потребно да се приложат изводи од регистрација за сите правни лица кои директно или индиректно поседуваат повеќе од 10% од акциите, односно уделите;

5) Список на правни лица во кои правното лице поседува, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите;

6) Доказ (извод од состојбата на сметката на имателот на сметка, извод од регистрацијата на правното лице од регистарот и сл.) од надлежната институција, со кој се докажува сопственоста на правното лице, директно или индиректно, на повеќе од 10% од акциите, односно уделите во други правни лица;

7) Список на лица со кои правното лице од став (2) на овој член има воспоставено и одржува значајни деловни врски со опис на природата на тие деловни врски;

8) Опис на инвестициската политика на правното лице од став (2) на овој член во врска со инвестирањето во пазарниот оператор;

9) Изјава на овластеното лице во правното лице дадена под целосна морална, материјална и кривична одговорност и заверена кај нотар, за потеклото на средствата што се вложуваат за основање на пазарен оператор.

**Почетен капитал на пазарниот оператор**

Член 10

(1) Почетниот капитал на пазарниот оператор изнесува најмалку 61.000.000 денари и треба да биде во целост уплатен во пари. Почетниот капитал се запишува како основна главнина во Централен регистар.

(2) Кон барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор се доставува доказ за уплата на почетниот капитал од став (1) на овој член.

(3) Доколку барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор го поднесува правно лице кое е веќе основано, истото е должно да поднесе доказ дека има

основна главнина запишана во трговскиот регистар во износ од најмалку 61.000.000 денари.

**Друга документација за исполнување на услови за работење на пазарен оператор**

Член 11

(1) Кон барањето за добивање одобрение за работа на пазарен оператор се поднесува и следната документација:

1) статут на пазарниот оператор;

2) податоци за сопственичката структура на пазарен оператор;

3) податоци за дејности за кои пазарниот оператор бара одобрение за работа, во смисла на член 170 од Законот, информации за дополнителни дејности што би ги вршел, а кои се дозволени согласно со закон, како и за видовите на финансиски инструменти со кои ќе се тргува на регулираниот пазар;

4) податоци за секое лице кое ќе стекне квалификувано учество и лицата блиски соработници со нив, како и податоци за секое лице кое на друг начин може да врши, директно или индиректно контрола или значајно влијание над управувањето со пазарниот оператор;

5) податоци за лицата, кои ќе бидат членови на органот на управување, органот на надзор и лица носители на клучни функции, вклучувајќи податоци за квалификациите, искуството и репутацијата за секој од нив;

6) детален приказ на организациската структура на пазарниот оператор и на регулираниот пазар (Систематизација и органограм на пазарниот оператор и описи за поставеноста и функционирањето на регулираниот пазар како основна дејност на пазарниот оператор);

7) податоци за организациските барања согласно член 185 од Законот и Правилникот донесен врз основа на член 185 став (6) од Законот со кој се пропишани начинот на работа и организациските барања за пазарниот оператор, а особено документација со која се докажува исполнување на:

- организациските барања согласно член 185 од Законот,

-системот на управување на ризиците согласно член 186 од Законот, а во зависност од видот, опфатот и сложеноста на активностите кои ќе ги обавува пазарниот оператор,

- отпорноста на системот и капацитет на системот за тргување согласно член 187 од Законот,

- доказ за воспоставен систем за прекин на тргувањето согласно член 188 од Законот,

- доказ за воспоставен систем за одржување на ликвидност на регулираниот пазар согласно член 189 од Законот,

- правила за корекција на цени согласно член 190 од Законот,

- синхронизација на деловното време согласно член 191 од Законот,

- правила со кои се уредуваат организацијата и општите услови за работење на пазарниот оператор и работењето на регулираниот пазар со кој управува, односно Правилата на пазарниот оператор и регулираниот пазар согласно член 192 од Законот,

- тарифник во кој се утврдени надоместоците и попустите за услугите на регулираниот пазар согласно член 193 од Законот.

8) податоци и детален опис на системот за тргување и програмите за функционирање на пазарниот оператор од кои Комисијата ќе може да оцени дали се исполнети условите од Глава IV од Законот која се однесува на Регулиран пазар и други места за тргување;

9) деловен план за период од три години;

10) други интерни акти, правила и процедури за работењето на пазарниот оператор кои произлегуваат од Закон, а не се наведени во претходните точки на овој став;

11) дополнителна документација или појаснување по проценка на Комисијата, потребна за проверка на исполнување на условите потребни за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор.

**Барање за добивање одобрение за управување со МПТ и ОПТ**

Член 12

Доколку во барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор, подносителот на барањето бара одобрение за извршување на дејноста управување со МПТ или ОПТ, потребно е истиот да ги исполни барањата од 220, 221 и 222 од Законот и да ја приложи целокупната документација предвидена со Правилникот од член 220 од Законот кој ја уредува содржината и описот на податоците и документацијата за добивање на одобрение за управување со МПТ и ОПТ.

**Барање за добивање одобрение за извршување на услуги на доставување на податоци за тргување врз основа на Глава V од Законот**

Член 13

Доколку со барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор, подносителот на барањето бара одобрение за извршување на услуги на доставување на податоци врз основа на Глава V од Законот, потребно е истиот да го достави и барањето со форма и содржина уредена со Правилникот донесен врз основа на член 233 од Законот и да ја достави потребната документација која се доставува кон барањето за издавање на одобрение за работа на дavател на услуги за доставување на податоци.

**Барање за добивање на одобрение за водење на официјален регистар на регулирани информации**

Член 14

Доколку со барањето за добивање на одобрение за работа на пазарен оператор, подносителот на барањето бара одобрение за водење на официјален регистар на регулирани информации на начин пропишан со Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност согласно член 170 од Законот, потребно е истиот да достави и барањето со форма и содржина уредена со Правилникот донесен врз основа на член 116 од Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност и да ја достави потребната документација која се доставува кон барањето за водење на официјален регистар на регулирани информации .

**Барањето за проширување на одобрението за работа на пазарен оператор**

Член 15

(1) Пазарниот оператор кој има добиено одобрение за управување со регулиран пазар, до Комисијата може да поднесе барање за проширување на одобрението за работа и за следните дејности:

1) да управува со МПТ или ОПТ;

2) да извршува услуги на доставување на податоци за тргување врз основа на Глава V од Законот;

3) да води официјален регистар на регулирани информации на начин пропишан со Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност.

(2) Кон Барањето за проширување на одобрението за работа на пазарен оператор, пазарниот оператор е должен соодветно да ја достави целокупната документација предвидена со Законот и со член 12, 13 и 14 од овој Правилник.

**Преодни и завршни одредби**

Член 16

(1) Одредбите од член 7 став 1 точки 1 и 2, член 8 и член 9 од овој Правилник не се применуваат во случајот кога подносител на барањето за издавање на одобрение за работа на пазарен оператор е Македонска берза АД Скопје и кога истото се поднесува согласно одредбите на член 520 став 1 од Законот за финансиски инструменти за целите на усогласување на работењето.

(2) Во рамките на усогласувањето од став 1 на овој член, а согласно член 520 став 2 од Законот за финансиските инструменти, Македонска берза АД Скопје е должна заедно со барањето за издавање на одобрение за работа на пазарен оператор, да поднесе и барање за издавање на одобрение за стекнување на удел во други правни лица согласно член 183 од Законот.

(3) Прилозите на овој Правилник, Комисијата ги објавува на својата веб страна.

(4) Со денот на примена на овој Правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето што се поднесува за дозвола за основање на берза (Службен весник на Република Македонија број 110/2006 и 85/2014), Правилникот за определување на дополнителните податоци што се поднесуваат со барањето за основање на берза и постапката на донесување на одлука во врска со барањето (Службен весник на Република Македонија број 75/2008) и Правилникот за начинот на водење и одржување на одделни податоци за работењето на берзата (Службен весник на Република Македонија број 75/2008).

(5) Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува со денот на почетокот на примена на Законот за финансиски инструменти (Службен весник на Република Северна Македонија број 66/2024).

Бр. 01-802/1
29 ноември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.